УДК: 94(497.5)(049.3)

Vinko Tadić, *Sat povijesti i čas (h)istorije. Izbor tekstova (2014. - 2019.)*. Požega : Povijesno društvo, 2020.

Винко Тадиќ е хрватски историчар и наставник во основно училиште во Пожега , Република Хрватска. „Час по историја“ (Sat povijesti i čas (h)istorije) не е негово прво дело; вниманието на хрватската и странска публика го привлече со книгата „Полковникот со виолина. Светот на Миодраг Бјелиќ (1920-2017)“.

„Час по историја“ претставува книга во која се застапени избрани текстови, есеи, полемики, прикази и осврти со историографски и публицистички карактер напишани во периодот од 2014 до 2019 година, а се однесуваат генерално на историјата на Пожега и нејзината околина, за религијата, за личности кои оставиле значаен печат во општествениот живот и науката во воените и повоените периоди. Книгата е во издание на Историското друштво од Пожега и Бирото за печат. Уредник е Горан Ѓурѓевиќ, а рецензенти – проф. д–р Александра Кучековиќ, проф. д–р Драган Каран и проф. д–р Твртко Јаковина.

Овој текст го пишувам на иницијатива на уредикот на книгата Горан Ѓурѓевиќ. Искрено, кога ми се обрати и кога го прочитав насловот „Час по историја“, мислев дека станува збор за книга со методичко-дидактичка содржина и алатки за тоа како да се предава на часовите по историја.

Пред себе имав нов предизвик да напишам напис – приказ за книга која ја опфаќа пред сѐ локалната историја на Пожега и околината, а би ја заинтригирало и нашата читателска публика.

Предмет на интерес, истражување и пишување на авторот се Србите од Златна долина, Хрватска, иако самиот автор и по мајчина и по таткова линија е Хрват, припадник на римокатоличката вероисповест. За многу луѓе и негови познаници – доста необично, еден Хрват да пишува за православните Срби од Хрватска. Неговиот став околу таа полемика многу пластично ја објаснува преку Келтите, прашувајќи: „Дали некој треба да биде Келт, за да пишува за Келтите? Со оглед на тоа дека Келтите се одамна изумрени, значи ли тоа дека никој не би пишувал за нив? Со тоа, сите претходни заедници и големи цивилизации би биле заборавени.“

Оваа книга за мене претставува едно ново и автентично видување на односите помеѓу Србите и Хрватите во еден подолг период, на православните обичаи кои ги практикувале Србите за време на најголемите христијански празници, за нивното културно-историско наследство, за личностите кои оставиле траен белег во

колективната меморија на луѓето од Пожега и околината.

Оваа книга не претставува приказ единствено и само за Пожега и околината , таа е поширока слика за „сложените“ хрватско-српски односи во сите краеви на бивша Југославија. Авторот мошне непристрасно и научно објективно ја прикажува и интерпретира историјата, историските личности и настани на „другиот“. Пристапот на авторот може да биде многу корисен и адаптабилен за нашите прилики и македонско-албанските односи во западна Македонија. Со истражување на една ваква тема,би се отвориле многу прашања од минатото, со кои се надевам би се разрешиле многу проблеми од сегашноста и би дале насоки за дејствување во иднина.

Текстовите поврзани со обичаите од православната религија, културата и традицијата се интересни за македонската читателска публика, особено за младата генерација, поради нивната автентичност и поврзаност со православните обичаи во повеќе региони во денешна Македонија.

Со изборот на текстови, есеи, полемики, прикази и осврти авторот им нуди на историчарите изворни податоци за битисувањето на српскиот народ во даден временски и историски контекст, а на обичниот читател – многу нешта да му ја надополнат и избистрат сликата за она што се случувало, зошто се случувало, па и низ призмата на минатото полесно да се согледаат денешните случувања.

Ова мое согледување би го завршила со зборовите на авторот Винко Тадиќ, кои ги сретнав во неговиот текст за биографијата на Славица Гароња (истакната универзитетска професорка и книжевник со потекло од Славонска Пожега). „Постојат многу вистини. Тоа е првиот чекор кон дијалог и толеранција. Дури тогаш ќе живееме во мир едни со други, без оглед на нашата припадност и определби. Меѓутоа, мораме да ги уважиме утврдените факти и да ги соочуваме граѓаните и граѓанките со минатото. Тука улогата на историчарите е многу важна, но и поддршката на државната политика“.

Љупка Христова
ООУ „Јоаким Крчоски“, Скопје